Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

08-3531/1

23-03-2023

# УПАТСТВО

## за изменување на Упатството за спроведување на постапката за давање одобрение за употреба на учебник по странски јазик во основно и средно образование

**Член 1**

Во Упатството за спроведување на постапката за давање одобрение за употреба на учебник по странски јазик во основно и средно образование, бр.08-15422/1 од 21.12.2022 година, во член 3 став (2) точката 4) се менува и гласи:

„Доказ дека домашниот издавач/законскиот застапник во Република Северна Македонија има остварено годишен приход од најмалку 20.000.000,00 денари за секоја година поединечно во последните три години, кој се однесува за барањето за одобрување учебник по англиски јазик, односно годишен приход од најмалку 6.000.000,00 денари за секоја година поединечно во последните три години, за барањето за одобрување учебник по француски, германски, руски и италијански јазик во основното и средното образование.“

**Член 2**

Членот 4 се менува и гласи:

„Барателот од член 3 став (1) од ова упатство има право да поднесе барање за одобрување на еден учебник по странски јазик за секое соодветно одделение/година, издаден од странскиот издавач кој го застапува во Република Северна Македонија, и/или да поднесе барање за одобрување на еден учебник по странски јазик за секое соодветно одделение/година во сопствено издание.

Секој домашен издавач може да се јави како законски застапник во Република Северна Македонија на повеќе издавачи од други држави во кои се регистрирани за издавачка дејност.

Домашниот издавач од ставот (2) на овој член кој е законски застапник во Република Северна Македонија на повеќе издавачи кои се регистрирани за издавачка дејност, има право да достави повеќе поединечни барања за одобрување за секое соодветно одделение/година, од секој издавач што го застапува поодделно и/или во сопствено издание, со по едно издание на учебникот за соодветното одделение/година за секој издавач.“

**Член 3**

Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето и истото ќе се објави на веб страната на Министерството за образование и наука.

Бр.
_____ . _____ .2023 година
Скопје

**Министер за образование и наука,**
**Ministër i Arsimit dhe Shkencës,**
**Doc. Dr. Jeton Shaqiri**



Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. ,, Shën Kirili dhe Metodi '' nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk